Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 18.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 2786/7 | 1 | |


## Предлог и мислење од ТРД Ла Коста Радио Виница по нацрт правилникот на АВМУ

По нацрт правилникот на АВМУ, ТРД Ла Коста Радио ќе треба да има како обврска да вработи уште еден во редовен работен однос што е тешко остварливо за опстојување на радиото, ако земеме предвид дека и сега одвај врзуваме крај со крај на подолг рок.

Секој месец ќе треба да имаме по 35 илјади денари како дополнителна давачка, а 35 илјади денари во вакви мали средини како Виница, од околу 15 илјади жители, е тешко да се обезбедат од реклами, огласи и други приходи. Во поголеми општини од над 30 илјади жители можеби ќе можат, но во вакви мали населени места и досега одвај се функционира, а со уште еден тешко дека ќе опстоиме како медиум.

За време на избори, политичките партии не се рекламираат, реклами од страна нема, партиите се концентрираат повеќе на телевизијата како медиум, а радијата воопшто не се земаат како опција. Со еден вработен одвај се крпи. Финансии во локалните радија нема од никаде, добро е што досега успеваме да функционираме некако. Со кризата бевме приморани да земаме кредити, па сега ги враќаме со надеж дека еден ден работите ќе тргнат на подобро.

Помалите општини останаа без млади, сите се отселија во странство и претежно се останати стари лица. Нема кој реклама да донесе во радиото, никој не инвестира во бизнис, сите гледаат да најдат спас надвор од татковината. Тие малку реклами што останаа ги емитуваме по некои смешни цени од по 1000 до 2000 денари за месец, само колку да не ги изгубиме и нив, да не се откажат и тие.

Информирани сме дека во Бугарија, Хрватска и Србија има еден во редовен работен однос така што прелог на  Ла Коста Радио од Виница е до 20 или 30 илјади жители во општина, локалното радио да има еден вработен во редовен работен однос.

Управител на ТРД ЛА КОСТА Радио

Бранко Ивановски